|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | материјали за потребите на општина Радовиш | | | | | | |
| 33. | Набавка за метални архивски ормари, фиокари и полици и дрвени фиокари и полици за потребите на општина Радовиш | **500.000** | | | | | -200.000 |
| 34. | За набавка на фиксна и интернет мрежа за потребите на општина Радовиш за **период од 2 години се планираат средства во износ од вкупно 400.000,00 денари,** од кои **60.000,00 денари за 2025 година**, 200.000,00 денари за 2026 година и 140.000 ден за 2027 година | **200.000** | | | | | |
| 35. | Обуките на општинската администрациј а и ТППЕ кои се спроведуваат по годишната програма за обука, како и лиценци | **50.000** | | | | + 100.000 | |
| 36. | За софтверско и web-решение за потребите на | **200.000** | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ЕЛС за 2026 година | | | | | | |
| 37. | За систематски прегледи на вработените во општина Радовиш (70.000 денари) и **ТППЕ** согласно закон (30.000 денари) | **100.000** | | | | | |
| 38. | За дезинфекција, дезинсекција и дератизација на територијата на општина Радовиш | **500.000** | 273.794 | | | | -230.779 од преостаната обврска од 2025 +230.779 на планирани средства во 2026 = 0 |
| 39. | За собирање, згрижување и стручен третман на кучиња и мачки скитници во општина Радовиш | **600.000** | 81.020 | | | | |
| 40. | За Мониторинг обезбедување на јавни објекти | **300.000** | 733.124 | | | | -100.000 |
| 41. | За одржување на други градби | **30.000** | | | | | |
| 42. | За набавка на дрва или пелети за греење (ЕЛС и општински установи - образование) | **350.000** | 50.000 | | | | |
| 43. | За одржување и поправка на возилата на ЕЛС (300.000 денари) и ТППЕ (300.000 денари) | **600.000** | 120.775 | | | | |
| 44. | За набавка на гуми за | **50.000** | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | службените возила | | | | | | |
| 45. | За регистрација на возила | **120.000** | 20.000 | | | | |
| 46. | За набавка на гориво за возилата на ЕЛС се планираат средства | **800.000** | 290.544 | | | | |
| 47. | За осигурување на моторни возила во сопственост на општина Радовиш | **100.000** | 18.459 | | | | |
| 48. | За колективно осигурување на инспектори | **25.000** | 1.020 | | | | |
| 49. | Осигурување на недвижности и права | **20.000** | | | | | |
| 50. | За објави во печатени медиуми | **400.000** | 301.484 | | | | |
| 51. | За услуги за мобилна телефонија и интернет за потребите на општина Радовиш за период од 2 години (од ноември 2025 – ноември 2027 година) од кои за 2025 (250.000 денари) и за 2026 и 2027 (1.450.000 денари) | **750.000** | 40.000 | | | | |
| 52. | За членарина во домашни организации | **300.000** | | | | | |
| 53. | За судско вештачење | **50.000** | | | | | |
| 54. | За правни услуги | **300.000** | | | | | |
| 55. | За изнајмување | **150.000** | | | | + 100.000 | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | на објекти | | | | | | |
| 56. | Други договорни услуги | **150.000** | | | | | |
| 57. | Плаќање по судски решенија | **500.000** | | | +2.000.000 | + 800.000 | |
| 58. | Други оперативни расходи | **300.000** | | | | | |
| 59. | Продукција/копродукција на програмски материјали наменети за аудиовизуелни услуги | **500.000** | | | | | |
| 60. | Достава на Решенија за данок на имот за 2026 и Опомени за 2025 година | **200.000** | | | | + 200.000 | |
| 61. | Авионски билети и хотелско сместување во странство | **100.000** | | | | | |
| 62. | ИТ мрежна инфраструктура (пасивна и активна) | **100.000** | | | | | |
| 63. | Набавка на ИТ опрема (компјутери, компјутерски компоненти, монитори) | **300.000** | | | | + 300.000 | |
| 64. | Привремено финансирање на вработен во ДПЕЕ ЕЛРАД ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Радовиш | **500.000** | 196.670 | | | | +400.000 |
| 65. | Трансфери за тековни трошоци во ДПЕЕ ЕЛРАД ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Радовиш | **200.000** | | | | + 220.000 | |
| 66. | Финансиски | **70.000** | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | услуги | | | | | | |
| 67. | За судски такси | **35.000** | | | | | |
| 68. | За систем на работење за потребите на одделението за даноци-Превентивно и адаптивно одржување на системска платформа за утврдување на вредност на недвижности и следење на наплата на даночни решенија (за период од 2 години од кои за 2026 – 440.000, за 2027 – 440.000) | **440.000** | 107.970 | | | | |
| 69. | Надомест за користење на информациските системи – ЗЕЛС – за е-градежно земјиште | **284.640** | | | | | |
| 70. | Исплата на Комисија за процена на штета настаната од атмосферска непогода од ниски температури-мраз, по Одлука и Решение донесени на LXVII седница на Совет на ден 29.05.2025 година | **/** | 100.000 | | | | |
| 71. | Набавка на опрема за | **200.000** | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | фотографирање за потребите на општина Радовиш | | | | | | |
| 72. | Набавка на систем за видео надзор за потребите на општина Радовиш и одржување | **250.000** | | -115.000 | | | |
| 73. | Набавка на лиценци со софтврски пакет Microsoft office за канцелариско работење за потребите на општина Радовиш | **200.000** | | | | | |
| 74. | Набавка на услуги за сервисирање и одржување на ИТ опрема за потребите на општина Радовиш | **150.000** | | | | | |
| 75. | Опрема и уреди за говор и гласање на советници за сала на Совет | **600.000** | | | | | |
| 76. | Надоместок за исплата на членови на Комисија за урбанизам | | | +400.020 | | | |
| 77. | Регрес за годишен одмор К-15 | | | | | + 4.138.240 | |
| 78. | Набавка на систем за потребите на секторот за урбанизам ГИС | | | | | + 2.500.000 | |
| 79. | Набавка на дигитална камера со ГПС уред и паметни | | | | | + 40.000 | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | функции со бесплатна апликација за телефонски уред компатибилна за потребите на системот за управување со локалните патишта (LRAMS) во општина Радовиш | | | | | | |
| 80. | Надомест за ангажирање на овластен проценител за движни и овластен проценител за недвизни ствари | | | | | + 60.000 | |
| 81. | Надомест за набавка на услуги за осигурување на општинската зграда и опрема | | | | | + 100.000 | |
| 82. | Трошоци за транспорт на камион-губрарка од општина Bern, Швајцарија | | | | | | +340.000 |
| Вкупно | | 95.085.419 | 2.969.499 | +1.885.000 | +2.000.000 | **+ 10.018.240** | **+1.300.000** |
| **Вкупен износ на цела програма** | | **113.258.167** | | | | | |

**Цели на Програмата**

Со ваквото планирање и опремување на органите во локалната самоуправа ќе се постигне побрза, поефикасна и поквалитетна услуга во работата на локалната самоуправа за потребите на граѓаните.

Оваа Програмата е составен дел на Буџетот на општина Радовиш за 2026 година.

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник" на општина Радовиш.

Број 08-1000/1
Дата 20.07.2026 година
Радовиш

Совет на Општина Радовиш
Претседател
Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на
Одлука за измена на распоредот на средствата на буџетот на Општина Радовиш за 2026 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за измена на распоредот на средствата на буџетот на Општина Радовиш за 2026 година , 08-1001/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 20.07.2026 година.

Број 09-1001/2
Дата 20.07.2026 г.
Радовиш

Градоначалник
на Општина Радовиш
Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр. 5/02 и "Сл. весник на РСМ" бр. 202/24), а во врска со член 34 од Законот за буџетите ("Сл. весник на РМ" бр. 64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и "Сл. весник на РСМ" бр. 151/21 и 3/25) и член 21 и 43 од Статутот на Општина Радовиш, Советот на Општина Радовиш на XVII седница одржана на 20.07.2026 година донесе

# ОДЛУКА

## за измена на распоредот на средствата на буџетот на Општина Радовиш за 2026 година

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на буџетот на Општина Радовиш за 2026 година на следниот начин:

| Потпрограма | Потставка | БУЏЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **A00** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА** | | | | | |
| 492320 | Отплата на главнина на долгорочни позајмувања | 60.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **E00** | **ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 424220 | Услуги за обезбедување на објекти | -100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 427110 | Привремени вработувања | 800.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | 400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **EA0** | **КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНА** | | | | | |
| 480110 | Купување на канцелариска опрема | -200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **F10** | **УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ** | | | | | |
| 425640 | Изработка на просторни и урбанистички планови | -341.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **J40** | **ЈАВНА ЧИСТОТА** | | | | | |
| 426990 | Други оперативни расходи | 340.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JDB** | **УРЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИ ПОВРШИНИ** | | | | | |
| 482930 | Реконструкција на други објекти | -959.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **K20** | **МУЗИЧКА И СЦЕНСКО УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | | | | | |
| 420120 | Патување во земјата - патни расходи | -30.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 420210 | Патување во странство - хранарина (дневница) | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423110 | Канцелариски материјали | -5.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423810 | Ситен инвентар | 5.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425290 | Други финансиски услуги | 2.739 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | -2.739 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во "Службен гласник на Општина Радовиш" и истата станува составен дел на буџетот на Општината за 2026 година.

Бр. 08-1001/1
20.07.2026 година
Радовиш

Претседател
Совет на Општина Радовиш
Гоце Дединец

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлука за доделување на недвижна ствар во сопственост на Општина Радовиш на времено користење на Здружение Доброволно противпожарно друштво КОБРИ с.Злеово, Радовиш

Јас прогласувам и објавувам Одлуката за доделување на недвижна ствар во сопственост на Општина Радовиш на времено користење на Здружение Доброволно противпожарно друштво КОБРИ с.Злеово, Радовиш, 08-1002/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 20.07.2026 година.

Број 09-1002/2 Градоначалник
Дата 20.07.2026 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр. 05/02), член 21 од Статутот на општина Радовиш, а во врска со Барање од хуманитарно мулти-етничко здружение НОВА ИСКРА НОВА НАДЕЖ за помош на лица со посебни потреби и хендикеп, Раклиш бр. 08-655/1 од 24.04.2026 година,

Советот на општина Радовиш на XVII седница одржана на 20.07.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување на недвижна ствар во сопственост на Општина Радовиш на времено користење на Здружение Доброволно противпожарно друштво КОБРИ с.Злеово, Радовиш**

**Член 1**

Се доделува недвижна ствар – објект бр.1, КП бр.4668, КО Злеово површина 292 м$^2$ (Имотен лист бр. 100064) која е сопственост на Општина Радовиш на времено користење на Здружение Доброволно противпожарно друштво КОБРИ с.Злеово, Радовиш.

**Член 2**

Недвижната ствар опишана во член 1 на оваа Одлука се доделува на времено користење без надомест, а сите останати тековни трошоци за реновирање, оддржување и слично ќе ги подмируваат самото здружение.

**Член 3**

Недвижната ствар корисникот може и смее да ја користи исклучиво за потребите и активностите на здружението согласно неговата регистрирана дејност, како и за потребите и активностите на месната заедница во с.Злеово.

Недвижната ствар која е предмет на оваа Одлука, Корисникот не смее:

- Да ја дава во подзакуп, на користење или владение на трети лица

- Да ја користи за активности кои не се од јавен интерес
- Да ја користи за остварување на финансиска добивка или друга имотна корист
- Да врши пренамена или адаптација на просторијата која ќе ја наруши намената за која истата е регистрирана

**Член 4**

Општина Радовиш го задржува правото за одземање на корисничкото право и да ја одземе недвижната ствар доколку

- не се користи согласно намената,
- се предизвика штета,
- престане потребата за користење,

или истата му биде потребна на Општината.

**Член 4**

Со оваа Одлука не се стекнува право на сопственост, ниту какво било друго стварно право врз недвижната ствар.

По престанокот на користењето, корисникот е должен недвижната ствар да ја врати во состојба во која ја примил, имајќи ја предвид редовната употреба.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Радовиш”.

Број 08-1002/1 Совет на општина Радовиш
Дата 20.07.2026 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлука за давање согласност за отпочнување постапка за купопродажба на недвижен имот

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за давање согласност за отпочнување постапка за купопродажба на недвижен имот, 08-1003/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 20.07.2026 година.

Број 09-1003/2 Градоначалник
Дата 20.07.2026 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 8 и точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) , член 86 од Статутот на општина Радовиш, а во врска со член 2 од Законот за сопственост и други стварни права ("Службен весник на Република Македонија" бр. 18/01, 92/08, 139/09 и 35/10)

Советот на општина Радовиш на XVII седница одржана на 20.07.2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за отпочнување постапка за купопродажба на недвижен имот**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Радовиш му дава согласност на Градоначалникот на Општина Радовиш да ја отпочне постапката за купопродажба на недвижен имот – градежно земјиште означено како КП бр. 887/2 и КП бр.887/3 КО Радовиш, согласно позитивните законски прописи и надлежностите утврдени со закон.

**Член 2**

Постапката за купопродажба ќе се спроведе по претходно утврдена пазарна вредност на недвижниот имот од страна на овластен проценител, во согласност со важечките законски и подзаконски акти.

**Член 3**

Градоначалникот се овластува да ги преземе сите потребни дејствија и да обезбеди соодветна документација за реализација на постапката.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш“.

Број 08-1003/1 Совет на општина Радовиш
Дата 20.07.2026 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлука за покренување иницијатива за започнување постапка за трансформација на Технолошко индустриска развојна зона „Радовиш“ во индустриска зона согласно Законот за индустриски – зелени зони

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за покренување иницијатива за започнување постапка за трансформација на Технолошко индустриска развојна зона „Радовиш“ во индустриска зона согласно Законот за индустриски – зелени зони, 08-1004/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 20.07.2026 година.

Број 09-1004/2 Градоначалник
Дата 20.07.2026 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр. 05/02), член 21 од Статутот на општина Радовиш, а согласно одредбите од "Законот за индустриски-зелени зони и Законот за технолошки индустриски развојни зони (“Службен весник на Република Македонија“ број 14/2007, 103/2008,130/2008, 139/2009, 156/10, 127/12 и 41/14),

Советот на општина Радовиш на XVII седница одржана на 20.07.2026 година, донесе

## ОДЛУКА
## за покренување иницијатива за започнување постапка за трансформација на Технолошко индустриска развојна зона „Радовиш" во индустриска зона согласно Законот за индустриски – зелени зони

### Член 1

Со оваа одлука, Советот на Општина Радовиш покренува Иницијатива и предлага до Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони да ја разгледа можноста и да преземе активности за започнување постапка за трансформација на **Технолошко индустриска развојна зона „Радовиш"** во индустриска зона, согласно одредбите од Законот за индустриски – зелени зони и најновите измени и дополнувања на законската регулатива со која е уредена оваа материја.

Иницијативата се поднесува со цел создавање правни, организациски и практични предуслови за ставање во функција на просторот на зоната, забрзување на економски развој, привлекување домашни и странски инвестиции, поддршка на локалното стопанство и отворање нови работни места на подрачјето на Општина Радовиш.

### Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Радовиш".

Број 08-1004/1 Совет на општина Радовиш
Дата 20.07.2026 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ КОН ОДЛУКАТА

1. **Воведен дел**

Технолошко индустриска развојна зона „Радовиш" е основана со одлука на Владата на Република Северна Македонија бр.42-2052/1 на 02.07.2014 година, како дел од поширокиот систем на технолошко индустриски развојни зони на територијата на државата.

Со измените во законската регулатива, односно со Законот за индустриски-зелени зони предвидена е можност технолошко индустриска развојна зона да се трансформира во индустриска зона, во постапка утврдена со закон, на предлог на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и со одлука на Владата на Република Северна Македонија.

Советот на Општина Радовиш, на предлог на градоначалникот на Општина Радовиш, како претставнички орган на граѓаните и орган надлежен за донесување акти од значење за локалниот економски развој, смета дека постои оправдан јавен интерес Општина Радовиш формално да иницира постапка пред Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, со цел да се разгледа трансформацијата на постојната зона во индустриска зона и нејзино ставање во реална економска функција.

2. **Причини за поднесување на иницијативата**

**Технолошко индустриска развојна зона „Радовиш"** претставува значаен развоен потенцијал за Општина Радовиш и за поширокиот Југоисточен регион. Иако зоната е формално основана во 2014 година, нејзиниот степен на

изграденост, активираности економска искористеност не е на ниво што би овозможило очекувани развојни ефекти за локалната заедница.

Поради тоа, Советот на Општина Радовиш оценува дека е потребно да се преземат активности за преиспитување на досегашниот статус и за обезбедување пофункционален модел на управување, развој, промоција и користење на зоната.

Трансформацијата во индустриска зона може да овозможи пофлексибилен пристап во привлекувањето инвеститори, поедноставно планирање на дејностите што би се вршеле во зоната, подобро поврзување со потребите на локалното стопанство и поголема вклученост на локалната самоуправа во процесите на развој, управување, одржување и унапредување на зоната, доколку таквиот модел биде утврден согласно закон.

**3.Развојна потреба и јавен интерес**

Општина Радовиш подолг период се соочува со потреба од посилна економска активност, зголемување на бројот на работни места, задржување на младото население, создавање услови за раст на малите и средни претпријатија и привлекување на инвестиции кои ќе обезбедат стабилна и долгорочна економска основа.

Активирањето на зоната е од особено значење за:

1. создавање нови можности за вработување на локалното население;
2. намалување на иселувањето и економската миграција, особено кај младите и работоспособното население;
3. поддршка на постојните локални комании преку обезбедување простор за проширување, складирање, преработка, лесна индустрија, логистика и сродни дејности;
4. поттикнување на нови инвестиции во производни и услужни капацитети;
5. проширување на даночната и економската основа на општината;
6. создавање услови за подобра искористеност на расположливото земјиште, постојната планска документација и инфраструктурните предуслови;
7. позиционирање на Радовиш како активна економска точка во југоисточниот дел на државата.

Советот смета дека зоната не треба да остане само формално основана развојна површина, туку треба да стане реален инструмент за економско оживување на општината и регионот.

**4. Потреба од заживување на зоната**

Советот на Општина Радовиш оценува дека постојниот статус на Технолошко индустриска развојна зона „ Радовиш “ не ги дава очекуваните практични ефекти за локалната економија.

Зоната треба да се заживее преку јасен институционален модел, утврдена одговорност за управување, активна промоција пред потенцијални инвеститори, дефинирање на можни дејности и создавање услови за конкретна реализација на инвестиции.

Во таа насока, трансформацијата во индустриска зона би можела да претставува реална можност за:

1. побрзо активирање на зоната;
2. поефикасно управување и одржување;
3. поголема поврзаност со локалните економски потреби;
4. можност за вклучување на Општина Радовиш во управувањето, користењето или развојот на зоната, доколку тоа се утврди согласно закон и договор;
5. подобра координација меѓу Владата, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, надлежните министерства и Општина Радовиш;
6. создавање конкретна понуда за инвеститори.

**5. Предлог-заклучоци**

Советот на Општина Радовиш предлага:

1. Да се достави оваа Одлука до Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, со Барање до Дирекцијата да ја разгледа можноста за започнување на постапка за трансформација на Технолошко индустриска развојна зона „Радовиш“ во индустриска зона согласно Законот за индустриски – зелени зони.
2. Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, во соработка со Владата на Република Северна Македонија и други надлежни институции да ја оцени правната, урбанистичката, инфраструктурната и економската оправданост за трансформација на зоната.
3. Општина Радовиш изразува подготвеност за институционална соработка со Дирекцијата, Владата и надлежните министерства со цел создавање услови за реално активирање на зоната и нејзино ставање во функција на локалниот и регионалниот економски развој.

**6. Заклучок**

Советот на Општина Радовиш смета дека трансформацијата на Технолошко идустриска развојна зона „Радовиш“ во индустриска зона претставува оправдана, навремена и развојно значајна иницијатива.

Со оваа Одлука Општина Радовиш изразува јасна волја зоната да се стави во функција на стопанскиот развој, отворање нови работни места, привлекување инвестиции, поддршка на локалните претпријатија и искористување на пограничната положба на општината како стратешка предност.

**Заклучокот да се достави до:**

- **Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони**

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлука за задолжување на Секторот за урбанизам при Општина Радовиш за планирање на средства за изготвување на техничка документација

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за задолжување на Секторот за урбанизам при Општина Радовиш за планирање на средства за изготвување на техничка документација, 08-1005/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 20.07.2026 година.

Број 09-1005/2 Градоначалник
Дата 20.07.2026 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), член 21 од Статутот на Општина Радовиш и по разгледување на потребата од обезбедување на водоснабдување за ООУ „Крсте Петков Мисирков“ во с. Калузлија,

Советот на општина Радовиш на XVII седница одржана на 20.07.2026 година, донесе:

ОДЛУКА

за задолжување на Секторот за урбанизам при Општина Радовиш за планирање на средства за изготвување на техничка документација

Член 1

Со оваа одлука се задолжува Секторот за урбанизам при Општина Радовиш во наредната Програма за уредување на градежно земјиште, односно во соодветната годишна програма и буџет на Општината, да предвиди финансиски средства за изготвување на техничка документација за обезбедување на водоснабдување на ООУ „Крсте Петков Мисирков“ ПУ с. Калузлија.

Член 2

Предвидената техничка документација има за цел да создаде услови за реализација на проект за трајно и квалитетно обезбедување со вода на училиштето, согласно важечките законски прописи и технички стандарди.

Член 3

За спроведување на оваа одлука се задолжува Секторот за урбанизам при Општина Радовиш, кој ќе ги преземе потребните активности за планирање на средствата и подготовка на постапките за изработка на техничката документација.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Радовиш“.

Број 08-1005/1 Совет на општина Радовиш
Дата 20.07.2026 г. Претседател
Радовиш Гоце Рединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
за прогласување и објавување на Одлука за измена на Одлуката за Општински линиски превоз на патници бр. 08-1364/1 од 17.11.2025 година и нејзина измена бр. 08-1441/1 од 26.11.2025 г

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за измена на Одлуката за Општински линиски превоз на патници бр. 08-1364/1 од 17.11.2025 година и нејзина измена бр. 08-1441/1 од 26.11.2025 година, 08-1006/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 20.07.2026 година.

Број 09-1006/2 Градоначалник
Дата 20.07.2026 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр. 05/02), член 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 67/22, 170/24, 3/25, 17/25 и 101/25) согласно член 73 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25) и член 41-а од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20, 78/25 и 132/25), член 41 од Одлуката за комунален ред бр. 07-195/1 од 25.01.2013 година и член 21 став 1 точка 20 од Статутот на општина Радовиш, согласно Оглас за прибирање на понуди за доделување на линии за превоз на патници бр. 15-1362/1 од 17.11.2025 година и Оглас за прибирање на понуди за доделување на линии за превоз на патници бр. 15-915/1 од 23.06.2026 година,

Советот на општина Радовиш на XVII седница одржана на 20.07.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за измена на Одлуката за Општински линиски превоз на патници бр. 08-1364/1 од 17.11.2025 година и нејзина измена бр. 08-1441/1 од 26.11.2025 година**

**Член 1**

Се менува член 17 став 1 во табелата во точките 17 и 18 од Одлука за Општински линиски превоз на патници бр.08-1364/1 од 17.11.2025 година и нејзина измена бр. 08-1441/1 од 26.11.2025 година и гласи:

**Тарифен систем, систем на наплата и начин и контрола на наплата,**

Цената на возниот билет во еден правец по патник е:

| Ред бр. | Релација | Највисок износ во денари со вклучен ДДВ |
|---|---|---|
| 17. | нас.Дамјан – с.Ињево и обратно | **350** |
| 18. | с.Дамјан – с.Ињево и обратно | **450** |

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Радовиш”.

Број 08-1006/1 Совет на општина Радовиш
Дата 20.07.2026 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Заклучок за усвојување на Извештај на Работните тела на Советот на општина Радовиш

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за усвојување на Извештај на Работните тела на Советот на општина Радовиш, 08-1007/1

што советот на Општина Радовиш го донесе на седница одржана на 20.07.2026 година.

Број 09-1007/2 Градоначалник
Дата 20.07.2026 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш на XVII седница одржана на 20.07.2026 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
за усвојување на Извештај на Работните тела на Советот на општина Радовиш

член 1

Се усвојуваат Извештајот на работните тела приложени на седниците на Советот на општина Радовиш одржани на 20.07.2026 година и тоа:

-Комисија за статут и прописи, 5-та седница одржана на ден 13.07.2026 година;

-Комисија за култура, образование и спорт, 10-та седница одржана на ден 13.07.2026 година;

-Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина, 7-та седница одржана на ден 13.07.2026 година;

-Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, 13-та седница одржана на 13.07.2026 година;

член 2

Овој Заклучок влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-1007/1 Совет на општина Радовиш
Дата 20.07.2026 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Содружница:

-Решение за прогласување и објавување на Одлука за давање Согласност на Годишен план за вработување за 2027 година во Општина Радовиш----------------1
-Одлука за давање Согласност на Годишен план за вработување за 2027 година во Општина Радовиш----------------1
-Решение за прогласување и објавување на Заклучок за усвојување на Годишен Извештај за работата на ООУ„Коста Рацин„ с.Подареш, Радовиш 2025-2026 година--------------------------------------------2
-Заклучок за усвојување на Годишен Извештај за работата на ООУ„Коста Рацин„ с.Подареш, Радовиш 2025-2026 година--------------------------------------------2
-Решение за прогласување и објавување на Заклучок за усвојување на Годишен Извештај за работата на ООУ„Кирил и Методиј„ с.Ораовица, Радовиш за 2025-2026 година -------------------------------------2
-Заклучок за усвојување на Годишен Извештај за работата на ООУ„Кирил и Методиј„ с.Ораовица, Радовиш за 2025-2026 година -------------------------------------3
-Решение за прогласување и објавување на Заклучок за усвојување на Годишен Извештај за работата на ООУ„Орце Николов„ с.Ињево, Радовиш 2025-2026 година--------------------------------------------3
-Заклучок за усвојување на Годишен Извештај за работата на ООУ„Орце Николов„ с.Ињево, Радовиш 2025-2026 година--------------------------------------------4
-Решение за прогласување и објавување на Заклучок за усвојување на Годишен Извештај за работата на ООУ„Никола Карев„ Радовиш за 2025-2026 година ----4
-Заклучок за усвојување на Годишен Извештај за работата на ООУ„Никола Карев„ Радовиш за 2025-2026 година ----4
-Решение за прогласување и објавување на Одлука за усвојување на Годишна Програма за работата на ООУ„Орце Николов„ с.Ињево, Радовиш за учебната 2026/2027 година-----------------------------5
-Одлука за усвојување на Годишна Програма за работата на ООУ„Орце Николов„ с.Ињево, Радовиш за учебната 2026/2027 година-----------------------------5
-Решение за прогласување и објавување на Одлука за усвојување на Годишна Програма за работата на ООУ„Кирил и Методиј„ с.Ораовица, Радовиш за учебната 2026/2027 година-----------------6
-Одлука за усвојување на Годишна Програма за работата на ООУ„Кирил и Методиј„ с.Ораовица, Радовиш за учебната 2026/2027 година-----------------6
-Решение за прогласување и објавување на Одлука за усвојување на Годишна Програма за работата на ООУ„Коста Рацин„ с.Подареш, Радовиш за учебната 2026/2027 година-----------------------------7
-Одлука за усвојување на Годишна Програма за работата на ООУ„Коста Рацин„ с.Подареш, Радовиш за учебната 2026/2027 година-----------------------------7
-Решение за прогласување и објавување на Измена на планот на Програмата за развој 2026 Уредување на јавни површини----------------------------------------7
-Измена на планот на Програмата за развој 2026 Уредување на јавни површини----------------------------------------9
-Решение за прогласување и објавување на измена на Годишна Програма измена и дополнување за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Радовиш за 2026 година--------16
-Измена на Годишна Програма измена и дополнување за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Радовиш за 2026 година--------17
-Решение за прогласување и објавување на четврта измена на Програмата за функционирање на администрацијата во Општина Радовиш за 2026 година-------23
-Четврта измена на Програмата за функционирање на администрацијата во Општина Радовиш за 2026 година-------24
-Решение за прогласување и објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата на буџетот на Општина Радовиш за 2026 година--------------------35

-Одлука за измена на распоредот на средствата на буџетот на Општина Радовиш за 2026 година-------------------36
-Решение за прогласување и објавување на Одлука за доделување на недвижна ствар во сопственост на Општина Радовиш на времено користење на Здружение Доброволно противпожарно друштво КОБРИ с.Злеово, Радовиш------37
-Одлука за доделување на недвижна ствар во сопственост на Општина Радовиш на времено користење на Здружение Доброволно противпожарно друштво КОБРИ с.Злеово, Радовиш------37
-Решение за прогласување и објавување на Одлука за давање согласност за отпочнување постапка за купопродажба на недвижен имот----------------------------38
-Одлука за давање согласност за отпочнување постапка за купопродажба на недвижен имот----------------------------39
-Решение за прогласување и објавување на Одлука за покренување иницијатива за започнување постапка за трансформација на Технолошко индустриска развојна зона „Радовиш“ во индустриска зона согласно Законот за индустриски – зелени зони---------------39
-Одлука за покренување иницијатива за започнување постапка за трансформација на Технолошко индустриска развојна зона „Радовиш“ во индустриска зона согласно Законот за индустриски – зелени зони------------------------------------40
-Решени за прогласување и објавување на Одлука за задолжување на Секторот за урбанизам при Општина Радовиш за планирање на средства за изготвување на техничка документација-------------43
-Одлука за задолжување на Секторот за урбанизам при Општина Радовиш за планирање на средства за изготвување на техничка документација----------------43
-Решени за прогласување и објавување на Одлука за измена на Одлуката за Општински линиски превоз на патници бр. 08-1364/1 од 17.11.2025 година и нејзина измена бр. 08-1441/1 од 26.11.2025 г------------------------------------44
-Одлука за измена на Одлуката за Општински линиски превоз на патници бр. 08-1364/1 од 17.11.2025 година и нејзина измена бр. 08-1441/1 од 26.11.2025 г------------------------------------44
-Решение за прогласување и објавување на Заклучок за усвојување на Извештај на Работните тела на Советот на општина Радовиш----------------------------------------45
-Заклучок за усвојување на Извештај на Работните тела на Советот на општина Радовиш----------------------------------------45